Office of the Public Advocate

Долготрајно полномошно за Старател

Планирање за донесување на лични и решенија за начинот на живот во иднина

Enduring Power of Guardianship - Macedonian

Што е тоа долготрајно полномошно за старателство?

Долготрајно полномошно за старателство е правен документ каде вие (донаторот) назначувате некого (старател) да донесува лични и решенија за начинот на живот за вас – на пример каде ќе живеете и здравствена грижа која ќе ја добивате. Долготрајно значи тоа продолжува кога вие не ќе бидете во можност да донесувате вакви решенија за вас.

Како тоа функционира?

Вие ќе го потполните и потпишете во присуство на сведоци формуларот за долготрајно полномошно за старателство – давајќи му овластување за старателство на оној кого сте го избрале.

На формуларот вие јасно ќе ги наведете овластувањата кои му ги давате и ќе поставите услови за решенијата кои старателот ќе ги донесува.

Старателот се согласува со потпишување на делот од формуларот за согласност. Неговото овластување започнува кога вие не ќе можете да донесувате решенија. Неговите решенија имаат подеднаква правна сила како вие самите да сте ги донеле.

Зошто би овластил некого со овие права?

Ние препорачуваме секој да си направи долготрајно полномошно за старателство. Тоа е единствениот начин да имате влијание кој ќе донесува решенија за вашиот начин на живот во ваше име ако вие самите не сте во состојба. Вие може да ја изгубите таа способност за секогаш заради деменција или да добиете повреда на мозокот при автомобилска несреќа, или привремено со губење свест заради болест.

Какви решенија старател може да донесува?

Вие може да го овластите старателот да донесува било какви решенија за начинот на живот. На пример, за тоа каде ќе живеете, како ќе се одржува здравствената грижа за вас или кој ќе може да ве посетува.

Формуларот има примери за видовите на овластувања кои може да ги изберете. Вие може да ги избришете овластувањата кои не ги сакате вашиот старател да ги има, или може да му дадете неограничени овластувања. Вие може и да наведете било какви ограничувања како тој ќе ги користи овластувањата, или било какви желби кои сакате старателот да ги има во предвид кога тој ќе донесува решенија. Би требало да дискутирате за вашите желби со старателот пред неговото овластување.

Долготрајно полномошно за старателство не може да се користи за донесување на финансиски и правни решенија. За повеќе информации за овие овластувања погледнете ги другите информативни листови на Office of the Public Advocate (OPA) – *Долготрајно полномошно (лекување) и Долготрајно полномошно за старателство*. Погледнете го и комплетот Превземете контрола за правење полномошна.

Постојат ли некои решенија за здравствена/медицинска грижа на кои мојот старател не може да се согласи?

Ако му дадете овластувања на вашиот старател да донесува решенија за здравствена грижа, тој ќе може да се согласи за лекување, но не може да одбие лекување. Ако имате назначено и некого со долготрајно полномошно (лекување) тој ќе има предност пред старателот за сите решенија за лекување.

Старател не може да се согласи за следните медицински постапки:

- кои водат кон неплодност
- прекинување на бременост
- отстранување на ткиво за пресадување.

Пред било која од овие постапки да се изведе старателот мора да бара дозвола од Victorian Civil and Administrative Tribunal (VCAT).

Може ли мојот старател да реши дали јас ќе учествувам во постапка за медицинско истражување?

Да. Погледнете го информативниот лист на OPA *Медицинско истражување за пациенти кои не можат да одлучуваат за себе за повеќе информации.*

Кој може да назначи старател?

Вие може да назначите старател ако сте постари од 18 години и имате способност да назначувате.

Office of the Public Advocate
Level 5, 436 Lonsdale Street, Melbourne, Victoria 3000
PO Box 13175 Law Courts, Victoria 8010. DX 210293
Локален повик: 1300 309 337 TTY: 9603 9529 Телефакс: 1300 787 510
www.publicadvocate.vic.gov.au

The Victorian Civil and Administrative Tribunal
Guardianship List
55 King Street, Melbourne, Victoria 3000
Тел: (03) 9628 9911 Телефакс: (03) 9628 9932
Бесплатен повик: 1800 133 055
www.vcat.vic.gov.au

Што е тоа способност за назначување?

Вие имате способност да назначувате ако имате способност да:

- разбирате,
- памтите,
- верувате,
- проценувате (на пример процес), и
- одмерувате

Релевантни информации за назначување на долготраен старател. Тоа вклучува разбирање:

- на овластувањата на старателот
- дека овластувањата ќе стапат на сила ако ја изгубите способноста да донесувате лични и решенија за начинот на живот
- дека може да ги откажете овие овластувања додека имате способност
- штом еднаш ја изгубите способноста вие не ќе можете да го надгледувате користењето на овластувањата.

Ако немате доволна способност VCAT може да назначи старател кој ќе донесува лични и решенија за начинот на живот за вас, акое потребно.

Избор на вашиот старател

Старател мора да биде постар од 18 години и да има способност. Вие може да назначите било кое лице под услов истото да се согласи на тоа. Тоа би требало да биде некој кој вие верувате дека ќе ги почитува вашите желби. Вие можа да назначите и второ лице (алтернативен старател). Тоа ќе може да донесува решенија во ваше име само кога старателот не е во состојба.

Старател не може да биде лице кое, во времето на назначувањето, ви пружа професионална грижа, третман или сместување.

Одговорности на старател

Старател мора:

- да ги има во предвид желбите кои сте ги изразиле
- да делува во ваш најдобар интерес
- секогаш кога е можно, да донесува решенија какви што вие би донеле.

Кога донаторот ќе почине, завршува и старателството.

Како да составам долготрајно полномошно за старателство?

Лесно е да се состави долгортрајно полномошно за старателство. Тоа не мора да биде подготвено од правник.

Може да го користите комплетот *Превземете контрола* – за составување на полномошно за старателство. Комплетот може да се порача од Victoria Legal Aid на www.legalaid.vic.gov.au, или да се симне од www.publicadvocate.vic.gov.au.

Формулари за составување долготрајно полномошно за старателство може да се симнат и од www.publicadvocate.vic.gov.au. Овие формулари се достапни и од повеќето новинари и продавници за правни обрасци.

Сведоците кои ќе го потпишат формуларот ќе треба да бидат убедени дека вие, како донатор, знаете што правите (имате способност) при давање на полномошно за старателство. Постојат ограничувања за тоа кој може да биде сведок.

Ако има сомневања за вашата способност, треба да се ангажира независен медицински проценувач.

Што ако се предомислам?

Вие може да го поништите (отповикате) полномошното во секое време под услов да ја разбирате природата и последиците од отповикување на полномошното. Да го направите ова ќе мора да го потполните формуларот Отповикување на долготрајно полномошно за старателство и да му дадете еден примерок на старателот.

Заштита

Вие не мора да го регистрирате или да го испратите формуларот некаде. Треба да го чувате оригиналот на безбедно место и да имате заверен примерок за секојдневна употреба.

Ако старателот не постапува во ваш најдобар интерес VCAT може да го поништиили отповика долготрајното полномошно за старателство. Секој кој има искрен интерес за вашата добробит може да побара од VCAT да ги преиспита постапките на старателот.

VCAT има служба за итни случаи која работи 24-часа и може да назначи старател за да донесува решенија за начинот на живот ако долготрајно полномошно за старателство е поништено. Јавете се на OPA Advice Service за повеќе информации.

Совети за старатели

Ако старател не е сигурен што треба да стори во определена ситуација, може да се јави на OPA's Advice Service или на VCAT за помош.

The Office of the Public Advocate е независно тело основано од страна на Владата на Викторија. Тоа работи на промовирање на интересите, човечките права и достоинството на жителите на Викторија со онеспособености. Тоа пружа информации, совети, образување и помош со застапништво, старателство, полномошна и согласности за лекување и забни постапки.

The Office of the Public Advocate подржува три доброволни програми, Community Visitors Program, Independent Third Persons Program и Community Guardianship Program. Community Visitors го надгледува квалитетот на услугите за онеспособени лица заради заштита на правата на овие луѓе. Independent Third Persons обезбедува подршка за луѓе со когнитивна онеспособеност или ментална болест кои имаат контакт со полицијата. Community Guardians се доброволци назначени како старатели за луѓето во Викторија со когнитивна онеспособенст кои не можат да донесуваат решенија за себе си.

За повеќе информации појдете на: www.publicadvocate.vic.gov.au или јавете се на нашата линија за совети на 1300 309 337 (по цена на локален повик).

06/09